Триглав Осигурување АД Скопје

Финансиски извештаи

за годината завршена на 31 декември 2025 и
Извештај на независниот ревизор

Содржина

Извештај на независниот ревизор	1 – 4
Финансиски извештаи	
Извештај за финансиската состојба	5
Извештај за сеопфатна добивка	10
Извештај за парични текови	14
Извештај за промените во капиталот	16
Белешки кон финансиските извештаи	18
Прилог 1 – Годишен извештај	
Прилог 2 – Годишна сметка	

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.forvismazars.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До сопствениците и раководството на ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје

Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

Мислење

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје („Друштвото“), кои се состојат од извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025 година и извештајот за сеопфатната добивка, извештајот за промените во главнината и извештајот за паричните текови за годината што тогаш завршува и белешките кон финансиските извештаи, вклучувајќи и информации за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото на 31 декември 2025 година, како и неговите резултати од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурувањето во Република Северна Македонија.

Основа за мислење

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија („МСР“). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) („Кодексот на ОМСЕС“) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС што е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

Клучни ревизорски прашања

Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои, според нашето професионално расудување, беа од најголема значајност во нашата ревизија на финансиските извештаи за тековниот период. Овие прашања беа разгледани во контекст на нашата ревизија на финансиските извештаи како целина и при формирањето на нашето ревизорско мислење и ние не изразуваме посебно мислење во однос на овие прашања.

(продолжува)

До сопствениците и раководството на ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје (продолжение)

Клучни ревизорски прашања (продолжение)

Утврдивме дека следното прашање претставува клучно ревизорско прашање:

Бруто технички резерви и дел за соосигурување и реосигурување
На 31 декември 2025 година бруто техничките резерви изнесуваат 2.012.476 илјади денари, додека делот за соосигурување и реосигурување е во износ од 701.782 илјади денари. (Белешка 5, 6, 7, 27 и 39 кон ревидираните финансиски извештаи).

Клучно ревизорско прашање	**Нашиот одговор на клучното ревизорко прашање**
Резервите по договори за осигурување вклучуваат резерви за штети, резерви за преносна премија и останати технички резерви. Резервите за штети се состојат од пријавени, но неисплатени штети (RBNS) во износ од 940.546 илјади денари и резерви за настанати, но непријавени штети (ИБНР) во износ од 279.340 илјади денари, резерви за преносна премија (GWP) во износ од 691,627 илјади денари, резерви за бонуси и попусти во износ од 10,876 илјади денари и останати резерви во износ од 90.087 илјади денари на 31 декември 2025 година. Утврдувањето на техничките резерви, особено резервите за штети (RBNS и ИБНР), е поврзано со значајни проценки и расудувања од страна на раководството. Овие проценки се базираат на историски податоци, применети актуарски методи и претпоставки во однос на идните настани, како што се инфлацијата, судската пракса и времето на разрешување на штетите. Средствата од реосигурување претставуваат износи што се очекуваат да бидат наплатени од реосигурителите и се мерат конзистентно со поврзаните бруто резерви. Поради нивната материјалност во финансиските извештаи, како и поради комплексноста на применетите методологии и високото ниво на неизвесност поврзано со проценките, го идентификувавме утврдувањето на техничките резерви и поврзаните средства од реосигурување како клучно ревизорско прашање.	Го ажуриравме нашето разбирање за процесите поврзани со утврдување на техничките резерви и средствата од реосигурување и ги оценивме релевантните интерни контроли воспоставени од страна на Друштвото. Ја оценивме соодветноста на применетите методологии за пресметка на техничките резерви, вклучувајќи ги актуарските модели и клучните претпоставки користени од раководството, во однос на применливата регулатива и индустриската пракса. Ја тестиравме точноста и комплетноста на податоците користени во пресметките, преку нивно усогласување со изворните системи и релевантната документација. Извршивме анализа на развојот на штетите преку споредба на историските податоци со тековните проценки, со цел да ја оцениме разумноста и конзистентноста на применетите претпоставки. Со вклучување на наши експерти, ја оценивме соодветноста на применетите актуарски методи и модели, како и разумноста на клучните претпоставки, особено во однос на резервите за настанати, но непријавени штети (IBNR). Дополнително, ја оценивме соодветноста на пресметката на резервата за преносна премија (UPR), врз основа на применетиот метод на временско разграничување. Извршивме проверка на поединечни значајни штети и направените резервирања врз основа на достапните информации. Ја оценивме конзистентноста помеѓу бруто техничките резерви и поврзаните средства од реосигурување. Ја оценивме соодветноста и доволноста на обелоденувањата во финансиските извештаи поврзани со техничките резерви и средствата од реосигурување.

(продолжува)

До сопствениците и раководството на ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје (продолжение)

Други информации

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од годишниот извештај за работата и годишната сметка подготвени од страна на раководството во согласност со Законот за трговските друштва, но тие не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за финансиските извештаи не се однесува на другите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето разбирање, стекнато во ревизијата или поинаку, произлегува дека е материјално погрешно. Доколку, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие други информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме што да известиме во однос на ова прашање.

Одговорност на раководството и оние кои се задолжени со управувањето за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурувањето во Република Северна Македонија, како и за интерната контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвувањето на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно да ја процени способноста на Друштвото да продолжи да работи согласно претпоставката за континуитет, како и, кога е применливо, да ги обелодени прашањата поврзани со континуитетот и да ја примени сметководствената основа на континуитет, освен во случаи кога раководството има намера да го ликвидира Друштвото или да го прекине неговото работење, или кога не постои друга реална алтернатива освен тоа. Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Друштвото.

Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата спроведена во согласност со МСР, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и собираме ревизорски докази кои се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување кое произлегува од измама е повисок од ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување кое произлегува од грешка, бидејќи измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажно прикажување или заобиколување на интерните контроли.
- Стекнуваме разбирање за интерните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите.
- Ја оценуваме соодветноста на применетите сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања подготвени од страна на раководството.

(продолжува)

До сопствениците и раководството на ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје (продолжение)

Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи (продолжение)

- Донесуваме заклучок за соодветноста на примената на претпоставката за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и, врз основа на собраните ревизорски докази, дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои може да предизвикаат значителен сомнеж во способноста на Друштвото да продолжи да работи согласно претпоставката за континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, должни сме во нашиот ревизорски извештај да обрнеме внимание на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или, доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модифицираме нашето мислење. Нашите заклучоци се засноваат на ревизорските докази собрани до датумот на нашиот ревизорски извештај. Меѓутоа, идни настани или услови може да доведат до тоа Друштвото да престане да работи согласно претпоставката за континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучително и обелоденувањата, како и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин со кој се постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата, како и за значајните наоди од ревизијата, вклучително и за евентуалните значајни недостатоци на интерната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

Ние, исто така, им обезбедуваме изјава на оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со нив за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат врз нашата независност, како и, онаму каде што е применливо, за преземените активности за елиминирање на заканите или применетите заштитни мерки.

Од прашањата за кои сме комуницирале со оние кои се задолжени за управувањето, утврдуваме кои прашања биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и, согласно тоа, ги сметаме за клучни ревизорски прашања. Овие прашања ги опишуваме во нашиот ревизорски извештај, освен доколку законот или регулативата забрануваат нивна јавна објава или, во исклучително ретки околности, кога сме заклучиле дека за одредено прашање не треба да се извести во нашиот извештај поради тоа што негативните последици од таквото известување разумно би се очекувало да ги надминат придобивките за јавниот интерес од неговото објавување.

Извештај за други правни и регулативни барања

Како што е наведено погоре во делот Други информации, раководството на Друштвото е одговорно за подготвување на годишен извештај за работењето на Друштвото за 2025 година во согласност со Законот за трговските друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, во согласност со МСР, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.

Нашето мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува.

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Управител

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје • Друштво за ревизија
forvis mazars

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

ул. Даме Груев бр. 7, 1000, Скопје

21 април 2026 година

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА)

		Белешка	31 декември 2025	31 декември 2024
АКТИВА				
А. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (002+003)	**001**	**23**	**36.858**	**36.310**
1. Гудвил	002		-	-
2. Останати нематеријални средства	003		36.858	36.310
Б. ВЛОЖУВАЊА (005+013+021+041)	**004**		**2.195.865**	**1.956.098**
I. ЗЕМЈИШТЕ, ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ И ОСТАНАТИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (006+009)	**005**		**470.371**	**150.040**
1. Земјиште и градежни објекти кои служат за вршење на дејноста (007+008)	006	**24А**	469.228	148.831
1.1 Земјиште	007		-	-
1.2 Градежни објекти	008		469.228	148.831
2. Земјиште, градежни објекти и останати средства кои не служат за вршење на дејноста (010+011+012)	009	**24Б**	1.143	1.209
2.1 Земјиште	010		-	-
2.2 Градежни објекти	011		1.143	1.209
2.3 Останати материјални средства	012		-	-
II.ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА ВО ДРУШТВА ВО ГРУПА - ПОДРУЖНИЦИ, ПРИДРУЖЕНИ ДРУШТВА И ЗАЕДНИЧКИ КОНТРОЛИРАНИ ЕНТИТЕТИ (014+015+016+017+018+019+020)	**013**	**25**	**13.909**	**14.750**
1. Акции, удели и останати сопственички инструменти од вредност во друштва во група - подружници	014		-	-
2. Должнички хартии од вредност кои ги издале друштва во група - подружници и заеми на друштва во група - подружници	015		-	-
3. Акции, удели и останати сопственички инструменти во придружени друштва	016	**25**	-	-
4. Должнички хартии од вредност кои ги издале придружени друштва и заеми на придружени друштва	017		-	-
5. Останати финансиски вложувања во друштва во група - подружници	018		-	-
6. Останати финансиски вложувања во придружени друштва	019		-	-
7. Вложувања во заеднички контролирани ентитети	020	**25**	13.909	14.750

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжение)

		Белешка	31 декември 2025	31 декември 2024
III. ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА (022+025+030+035+040)	**021**	**26**	**1.711.585**	**1.791.308**
1. Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување (023+024)	**022**		**-**	**-**
1.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година	023		-	-
1.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година	024		-	-
2. Финансиски вложувања расположливи за продажба (026+027+028+029)	**025**	**26А**	**1.308.277**	**1.328.006**
2.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година	026		15.522	150.507
2.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година	027		1.277.011	1.095.855
2.3 Акции, удели и останати сопственички инструменти	028		15.744	67.498
2.4 Акции и удели во инвестициски фондови	029		-	14.146
3. Финансиски вложувања за тргување (031+032+033+034)	**030**		**46.808**	**64.389**
3.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година	031		-	-
3.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година	032		-	-
3.3 Акции, удели и останати сопственички инструменти	033		-	-
3.4 Акции и удели во инвестициски фондови	034	26Б	46.808	64.389
4. Депозити, заеми и останати пласмани (036+037+038+039)	**035**	**26В**	**356.500**	**398.913**
4.1 Дадени депозити	036		356.500	344.000
4.2 Заеми обезбедени со хипотека	037		-	-
4.3 Останати заеми	038	26Г	-	-
4.4 Останати пласмани	039	26В	-	54.913
5. Деривативни финансиски инструменти	040		-	-
IV. ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ, ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ	**041**		**-**	**-**
В. ДЕЛ ЗА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ ВО БРУТО ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ (043+044+045+046+047+048+049)	**042**	**27**	**701.782**	**651.389**
1. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервата за преносна премија	043		108.085	95.844
2. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто математичката резерва	044		-	-
3. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за штети	045		592.319	554.417
4. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за бонуси и попусти	046		1.378	1.128
5. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто еквилизационата резерва	047		-	-
6. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто останатите технички резерви	048		-	-
7. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви за осигурување на живот каде ризикот од вложувањето е на товар на осигуреникот	049		-	-

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжение)

		Белешка	31 декември 2025	31 декември 2024
Г. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК (ДОГОВОРИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ)	**050**		**-**	**-**
Д. ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА (052+053)	**051**	**28**	**9.314**	**10.700**
1. Одложени даночни средства	052		9.270	10.656
2. Тековни даночни средства	053		44	44
Ѓ. ПОБАРУВАЊА (055+059+063+067)	**054**		**413.666**	**363.342**
I. ПОБАРУВАЊА ОД НЕПОСРЕДНИ РАБОТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ (056+057+058)	**055**	**29**	**284.221**	**236.156**
1. Побарувања од осигуреници	056		273.467	226.133
2. Побарувања од посредници	057		10.613	9.916
3. Останати побарувања од непосредни работи на осигурување	058		141	107
II. ПОБАРУВАЊА ОД РАБОТИ НА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ (060+061+062)	**059**		**92.809**	**88.422**
1. Побарувања по основ на премија за сооосигурување и реосигурување	060		-	-
2. Побарувања по основ на учество во надомест на штети од соосигурување и реосигурување	061		92.809	88.422
3. Останати побарувања од работи на соосигурување и реосигурување	062		-	-
III. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА (064+065+066)	**063**		**36.636**	**38.764**
1. Останати побарувања од непосредни работи на осигурување	064	**30А**	30.535	33.045
2. Побарувања по основ на финансиски вложувања	065	**30Б**	1.081	712
3. Останати побарувања	066	**30В**	5.020	5.007
IV. ПОБАРУВАЊА ПО ОСНОВ НА ЗАПИШАН А НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ	**067**		**-**	**-**
Е. ОСТАНАТИ СРЕДСТВА (069+072+077)	**068**	**31**	**73.978**	**36.735**
I. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА КОИ СЛУЖАТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА (ОСВЕН ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ) (070+071)	**069**	**32А**	**43.124**	**14.353**
1. Опрема	070		42.537	13.766
2. Останати материјални средства	071		587	587
II. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ОСТАНАТИ ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (073+074+075+076)	**072**	**32Б**	**30.854**	**22.382**
1. Парични средства во банка	073		30.847	22.375
2. Парични средства во благајна	074		7	7
3. Издвоени парични средства за покривање на математичката резерва	075		-	-
4. Останати парични средства и парични еквиваленти	076		-	-
III. ЗАЛИХИ И СИТЕН ИНВЕНТАР	077		-	-
Ж. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (079+080+081)	**078**	**33**	**107.248**	**101.364**
1. Претходно пресметани приходи по основ на камати и наемнини	079		9.718	13.041
2. Одложени трошоци на стекнување	080		95.770	86.290
3. Останати пресметани приходи и одложени трошоци	081		1.760	2.033
З. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТО РАБОТЕЊЕ	**082**		**-**	**-**
S. ВКУПНА АКТИВА (А+Б+В+Г+Д+Ѓ+Е+Ж+З)	**083**		**3.538.711**	**3.155.938**
И. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА	**084**		**536.731**	**524.684**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжение)

		Белешка	31 декември 2025	31 декември 2024
ПАСИВА			-	-
А. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ (086+090+091+095+101-102+103-104)	**085**	**34**	**1.063.083**	**943.979**
I. ЗАПИШАН КАПИТАЛ (087+088+089)	**086**		**185.223**	**185.223**
1. Запишан капитал од обични акции	087		185.223	185.223
2. Запишан капитал од приоритетни акции	088		-	-
3. Запишан а неуплатен капитал	089		-	-
II. ПРЕМИИ ЗА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ	**090**		**41.972**	**41.972**
III. РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА (092+093+094)	**091**		**(83.049)**	**(95.527)**
1. Материјални средства	092		377	377
2. Финансиски вложувања	093		(83.426)	(95.904)
3. Останати ревалоризациони резерви	094		-	-
IV. РЕЗЕРВИ (096+097+098-099+100)	**095**		**442.770**	**433.975**
1. Законски резерви	096		430.264	412.786
2. Статутарни резерви	097		-	-
3. Резерви за сопствени акции	098		-	-
4. Откупени сопствени акции	099		-	-
5 Останати резерви	100		12.506	21.189
V. НЕРАСПРЕДЕЛЕНА НЕТО ДОБИВКА	**101**		**369.541**	**325.901**
VI. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА	**102**		**-**	**-**
VII. ДОБИВКА ЗА ТЕКОВНИОТ ПРЕСМЕТКОВЕН ПЕРИОД	**103**		**106.626**	**52.435**
VIII. ЗАГУБА ЗА ТЕКОВНИОТ ПРЕСМЕТКОВЕН ПЕРИОД	**104**		**-**	**-**
Б. СУБОРДИНИРАНИ ОБВРСКИ	**105**		**-**	**-**
В. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ (107+108+109+110+111+112)	**106**	**39**	**2.012.476**	**1.914.987**
I. Бруто резерви за преносни премии	107		691.627	632.706
II. Бруто математичка резерва	108		-	-
III. Бруто резерви за штети	109		1.309.973	1.274.916
IV. Бруто резерви за бонуси и попусти	110		10.876	7.365
V. Бруто еквилизациона резерва	111		-	-
VI. Бруто останати технички резерви	112		-	-
Г. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ ВО ОДНОС НА ДОГОВОРИ КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК	**113**		**-**	**-**
Д. ОСТАНАТИ РЕЗЕРВИ (115+116)	**114**	**40**	**30.463**	**28.783**
1. Резерви за вработени	115		19.838	19.379
2. Останати резерви	116		10.625	9.404

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжение)

		Белешка	31 декември 2025	31 декември 2024
Ѓ.ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ (118+119)	**117**	**41**	**8.694**	**4.255**
1. Одложени даночни обврски	118		-	-
2. Тековни даночни обврски	119		8.694	4.255
Е. ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ, ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ	**120**		**-**	**-**
Ж. ОБВРСКИ (122+126+130)	**121**		**352.307**	**212.451**
I. ОБВРСКИ ОД НЕПОСРЕДНИ РАБОТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ (123+124+125)	**122**	**42**	**-**	**-**
1. Обврски спрема осигуреници	123		-	-
2. Обврски спрема застапници и посредници	124		-	-
3. Останати обврски од непосредни работи на осигурување	125		-	-
II. ОБВРСКИ ОД РАБОТИ НА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ (127+128+129)	**126**	**42**	**172.590**	**158.431**
1. Обврски по основ на премија за соосигурување и реосигурување	127		172.590	158.431
2. Обврски по основ на учество во надомест на штети	128		-	-
3. Останати обврски од работи на соосигурување и реосигурување	129		-	-
III. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ (131+132+133)	**130**	**43**	**179.717**	**54.020**
1. Останати обврски од непосредни работи на осигурување	131		50.883	31.315
2. Обврски по основ на финансиски вложувања	132		140	140
3. Останати обврски	133		128.694	22.565
З. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАГРАНИЧУВАЊА	**134**	**44**	**71.688**	**51.483**
S. НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ ВО ВРСКА СО НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА	**135**		**-**	**-**
И. ВКУПНА ПАСИВА А+Б+В+Г+Д+Ѓ+Е+Ж+З+S	**136**		**3.538.711**	**3.155.938**
Ј. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА – ПАСИВА	**137**		**536.731**	**524.684**

Белешките се составен дел на овие финансиски извештаи.

БУ: Биланс на успех (Извештај за сеопфатна добивка)

		Белешка	Тековна деловна година	Претходна деловна година
А. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (201+210+223а+224+225)	**200**		**1.361.694**	**1.279.292**
I. ЗАРАБОТЕНА ПРЕМИЈА (НЕТО ПРИХОДИ ОД ПРЕМИЈА (202+203+204-205-206-207+208+209)	**201**	**10**	**1.153.156**	**1.083.843**
1. Бруто полисирана премија за осигурување	202		1.691.222	1.618.108
2. Бруто полисирана премија за соосигурување	203		14.531	-
3. Бруто полисирана премија за реосигурување/ретроцесија	204		-	-
4. Бруто полисирана премија предадена во соосигурување	205		-	-
5. Бруто полисирана премија предадена во реосигурување/ ретроцесија	206		505.916	490.176
6. Промена во бруто резервата за преносна премија	207		46.699	58.209
7. Промена во бруто резервата за преносна премија - дел за соосигурување	208		(12.222)	-
8. Промена во бруто резервата за преносна премија - дел за реосигурување	209		12.240	14.120
II. ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА (211+212+216+217+218+219+223)	**210**	**11**	**81.373**	**66.426**
1. Приходи од подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	**211**		**-**	**-**
2. Приходи од вложувања во земјиште и градежни објекти (213+214+215)	**212**		**1.878**	**1.876**
2.1 Приходи од наемнини	213		1.878	1.876
2.2 Приходи од зголемување на вредноста на земјиште и градежни објекти	214		-	-
2.3 Приходи од продажба на земјиште и градежни објекти	215		-	-
3. Приходи од камати	**216**		**59.871**	**60.773**
4. Позитивни курсни разлики	**217**		**108**	**4**
5. Вредносно усогласување (нереализирани добивки, сведување на објективна вредност)	**218**		**305**	**243**
6. Реализирани добивки од продажба на финансиски имот - капитална добивка (220+221+222)	**219**		**17.039**	**2.913**
6.1 Финансиски вложувања расположливи за продажба	220		13.365	1.882
6.2 Финансиски вложувања за тргување (по објективна вредност)	221		3.674	1.031
6.3 Останати финансиски вложувања	222		-	-
7. Останати приходи од вложувања	**223**		**2.172**	**617**

БУ: Биланс на успех (Извештај за сеопфатна добивка) (продолжение)

		Белешка	Тековна деловна година	Претходна деловна година
III. ПРИХОДИ ПО ОСНОВ НА ПРОВИЗИИ ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ	**223а**	**12**	**104.310**	**103.827**
IV. ОСТАНАТИ ОСИГУРИТЕЛНО ТЕХНИЧКИ ПРИХОДИ, НАМАЛЕНИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ	**224**	**12**	**6.989**	**8.259**
V. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ	**225**	**13**	**15.866**	**16.937**
Б. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (227+235+245+248+251+261+271+274+275)	**226**		**1.234.028**	**1.214.844**
I. НАСТАНАТИ ШТЕТИ (НЕТО ТРОШОЦИ ЗА ШТЕТИ) (228-229-230-231+232-233-234)	**227**	**14**	**530.549**	**594.485**
1. Бруто исплатени штети	228		689.532	737.255
2. Намалување за приходот од бруто реализирани регресни побарувања	229		14.893	24.255
3. Бруто исплатени штети – дел за соосигурување	230		-	-
4. Бруто исплатени штети – дел за реосигурување/ретроцесија	231		141.244	115.281
5. Промени во бруто резервите за штети	232		35.056	(17.102)
6. Промени во бруто резервите за штети – дел за соосигурување	233		-	-
7. Промени во бруто резервите за штети – дел за реосигурување	234		37.902	(13.868)
II. ПРОМЕНИ ВО ОСТАНАТИТЕ ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ, НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ (236+239+242)	**235**		**3.260**	**2.466**
1. Промени во математичката резерва, нето од реосигурување (237-238)	**236**		**-**	**-**
1.1 Промени во бруто математичката резерва	237		-	-
1.2 Промени во бруто математичката резерва - дел за соосигурување/реосигурување	238		-	-
2. Промени во еквилизационата резерва, нето од реосигурување (240-241)	**239**		**-**	**-**
2.1. Промени во бруто еквилизационата резерва	240		-	-
2.2 Промени во бруто еквилизационата резерва - дел за соосигурување/реосигурување	241		-	-
3. Промени во останатите технички резерви, нето од реосигурување (243-244)	**242**		**3.260**	**2.466**
3.1 Промени во останатите бруто технички резерви	243		3.511	2.216
3.2 Промени во останатите бруто технички резерви – дел за соосигурување и реосигурување	244		251	(250)

БУ: Биланс на успех (Извештај за сеопфатна добивка) (продолжение)

		Белешка	Тековна деловна година	Претходна деловна година
III. ПРОМЕНИ ВО БРУТО МАТЕМАТИЧКАТА РЕЗЕРВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ КАДЕ ИНВЕСТИЦИОНИОТ РИЗИК Е НА ТОВАР НА ОСИГУРЕНИКОТ, НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ (246-247)	**245**		-	-
1. Промени во бруто математичката резерва за осигурување на живот каде инвестиционот ризик е на товар на осигуреникот	246		-	-
2. Промени во бруто математичката резерва за осигурување на живот каде инвестиционот ризик е на товар на осигуреникот – дел за соосигурување и реосигурување	247		-	-
IV. ТРОШОЦИ ЗА БОНУСИ И ПОПУСТИ, НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ (249+250)	**248**	**15**	**45.153**	**44.411**
1. Трошоци за бонуси (кои зависат од резултатот)	249		1.831	657
2. Трошоци за попусти (кои не зависат од резултатот)	250		43.322	43.754
V. НЕТО ТРОШОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО (252+256)	**251**		**589.182**	**517.130**
1. Трошоци за стекнување (253+253а+254+255)	**252**	**16**	**212.710**	**202.949**
1.1 Провизија	253		114.101	95.155
1.2 Бруто плати за вработените во внатрешната продажна мрежа	253а		106.397	97.478
1.3 Останати трошоци за стекнување	254		1.692	968
1.4 Промена во одложените трошоци за стекнување (+/-)	255		(9.480)	9.348
2. Административни трошоци (257+258+259+260)	**256**	**17**	**376.472**	**314.181**
2.1 Амортизација на материјални средства кои служат за вршење на дејноста	257		18.924	15.362
2.2 Трошоци за вработените (258а+258б+258в+258г+258д)	258		122.924	118.180
2.2.1 Плати и надоместоци	258а		71.763	66.714
2.2.2 Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	258б		6.389	6.294
2.2.3 Придонеси од задолжително социјално осигурување	258в		28.721	27.870
2.2.4 Трошоци за дополнително пензиско осигурување за вработени	258г		-	-
2.2.5 Останати трошоци за вработени	258д		16.051	17.302
2.3 Трошоци за услуги на физички лица кои не вршат дејност (договори за работа, авторски договори и други правни односи) заедно со сите давачки	259		670	739
2.4 Останати административни трошоци (260а+260б+260в)	260		233.954	179.900
2.4.1 Трошоци за услуги	260а		201.385	150.706
2.4.2 Материјални трошоци	260б		18.214	17.180
2.4.3 Трошоци за резервирање и останати трошоци од работењето	260в		14.355	12.014

БУ: Биланс на успех (Извештај за сеопфатна добивка) (продолжение)

		Белешка	Тековна деловна година	Претходна деловна година
VI. ТРОШОЦИ ОД ВЛОЖУВАЊА (262+263+264+265+266+270)	**261**	**18**	**893**	**634**
1. Амортизација и вредносно усогласување на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста	**262**		**66**	**66**
2. Трошоци за камати	**263**		**497**	**-**
3. Негативни курсни разлики	**264**		**46**	**2**
4. Вредносно усогласување (нереализирани загуби, сведување на објективна вредност)	**265**		**-**	**-**
5. Реализирани загуби од продажба на финансиски имот - капитална загуба (267+268+269)	**266**		**240**	**-**
5.1 Финансиски вложувања расположливи за продажба	267		240	-
5.2 Финансиски вложувања за тргување (по објективна вредност)	268		-	-
5.3 Останати финансиски вложувања	269		-	-
6. Останати трошоци од вложувања	**270**		**44**	**566**
VII. ОСТАНАТИ ОСИГУРИТЕЛНО ТЕХНИЧКИ ТРОШОЦИ, НАМАЛЕНИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ (272+273)	**271**	**19**	**58.966**	**57.987**
1. Трошоци за превентива	272		-	-
2. Останати осигурително технички трошоци , намалени за реосигурување	273		58.966	57.987
VIII. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ПО ОСНОВ НА ПРЕМИЈА	**274**	**20**	**3.942**	**(3.684)**
IX. ОСТАНАТИ РАСХОДИ, ВКУЧУВАЈЌИ И ВРЕДНОСНИ УСОГЛАСУВАЊА	**275**	**21**	**2.083**	**1.415**
X. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПРЕД ОДДАНОЧУВАЊЕ (200-226)	**276**		**127.666**	**64.448**
XI. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПРЕД ОДДАНОЧУВАЊЕ (226-200)	**277**		**-**	**-**
XII. ДАНОК НА ДОБИВКА ОДНОСНО ЗАГУБА	**278**	**22**	**21.040**	**12.013**
XIII. ОДЛОЖЕН ДАНОК	**279**		**-**	**-**
XIV. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПО ОДДАНОЧУВАЊЕ (276-278-279)	**280**		**106.626**	**52.435**
XV. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПО ОДДАНОЧУВАЊЕ (277-278-279)	**281**		**-**	**-**

Белешките се составен дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи се одобрени од извршните членови на Одборот на директори на 5 март 2026 година и потпишани од:

Г-дин Ѓорѓе Војновиќ
Главен извршен директор

ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ

Г-дин Иво Прличков
Директор на Сектор за економско-финансиски работи

ПТ: Извештај за паричните текови

		Тековна деловна година	Претходна деловна година
А. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ	**а**		
I. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ (301+302+303+304+305)	**300**	**1.701.338**	**1.598.608**
1. Премија за осигурување и соосигурување и примени аванси	301	1.587.520	1.522.116
2. Премија за реосигурување и ретроцесија	302	-	-
3. Приливи од учество во надомест на штети	303	60.188	27.138
4. Примени камати од работи на осигурување	304	-	-
5. Останати приливи од деловни активности	305	53.630	49.354
II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ (307+308+309+310+311+312+313+314)	**306**	**1.581.570**	**1.524.619**
1. Исплатени штети, договорени суми на осигурување, учество во надомест на штети од соосигурување и дадени аванси	307	676.143	692.512
2. Исплатени штети и учество во надомест на штети од реосигурување и ретроцесија	308	-	-
3. Премија за соосигурување, реосигурување и ретроцесија	309	313.826	277.571
4. Надоместоци и други лични расходи	310	221.217	213.814
5. Останати трошоци за спроведување на осигурување	311	355.284	328.479
6. Платени камати	312	-	-
7. Данок на добивка и останати јавни давачки	313	15.100	11.765
8. Останати одливи од редовни активности	314	-	478
III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ (300-306)	**315**	**119.768**	**73.989**
IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ (306-300)	**316**	**-**	**-**
Б. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ВЛОЖУВАЊА	**б**	**-**	**-**
V. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА (318+319+320+321+322+323+324+325)	**317**	**1.418.141**	**1.141.431**
1. Приливи по основ на нематеријални средства	318	-	-
2. Приливи по основ на материјални средства	319	2.853	11.910
3. Приливи по основ на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста на друштвото	320	-	-
4. Приливи по основ на вложувања во друштва во група – подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	321	55.619	-
5. Приливи по основ на вложувања кои се чуваат до достасување	322	-	-
6. Приливи по основ на останати финансиски пласмани	323	1.302.253	1.076.112
7. Приливи од дивиденди и останати учества во добивка	324	571	661
8. Приливи од камати	325	56.845	52.748

ПТ: Извештај за паричните текови (продолжение)

		Тековна деловна година	Претходна деловна година
II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА (327+328+329+330+331+332+333+334)	**326**	**1.529.252**	**1.206.847**
1. Одливи по основ на нематеријални средства	327	8.683	6.409
2. Одливи по основ на материјални средства	328	280.826	125.757
3. Одливи по основ на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста на друштвото	329	-	-
4. Одливи по основ на вложувања во друштва во група – подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	330	-	-
5. Одливи по основ на вложувања кои се чуваат до достасување	331	-	-
6. Одливи по основ на останати финансиски пласмани	332	1.239.743	1.074.681
7. Одливи од дивиденди и останати учества во добивка	333	-	-
8. Одливи од камати	334	-	-
III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА (317-326)	**335**	**-**	**-**
IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА (326-317)	**336**	**111.111**	**65.416**
В. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ	**в**	**-**	**-**
I. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ (338+339+340)	**337**	**-**	**-**
1. Приливи по основ на зголемување на акционерскиот капитал	338	-	-
2. Приливи по основ на примени краткорочни и долгорочни кредити и заеми	339	-	-
3. Приливи по основ на останати долгорочни и краткорочни обврски	340	-	-
II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ (342+343+344)	**341**	**-**	**-**
1. Одливи по основ на отплата на краткорочни и долгорочни кредити и заеми и останати обврски	342	-	-
2. Одливи по основ на откуп на сопствени акции	343	-	-
3. Одливи по основ на исплата на дивиденда	344	-	-
III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ (337-341)	**345**	**-**	**-**
IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ (341-337)	**346**	**-**	**-**
Г. ВКУПНО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ (300+317+337)	**347**	**3.119.479**	**2.740.039**
Д. ВКУПНО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ (306+326+341)	**348**	**3.110.822**	**2.731.466**
Ѓ. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ (347-348)	**349**	**8.657**	**8.573**
Е. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ (348-347)	**350**	**-**	**-**
Ж. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА ПОЧЕТОКОТ НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ ПЕРИОД	**351**	**22.382**	**13.710**
З. ЕФЕКТ ОД ПРОМЕНА НА КУРСОТ НА СТРАНСКИ ВАЛУТИ ВРЗ ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ	**352**	**(185)**	**99**
S. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА КРАЈОТ НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ ПЕРИОД (349-350+351+352))	**353**	**30.854**	**22.382**

Белешките се составен дел на овие финансиски извештаи

ПК: Извештај за промени во капиталот

				Резерви									
		Акционерски капитал	Премии на емитирани акции	Законски резерви	Статутарни резерви	Резерви за сопствени акции	Ост. резерви	Вкупно резерви	Откупени сопствени акции	Реваloриз ациона резерва	Нераспределена добивка или пренесена загуба	Добивка/ загуба за тековната година	Вкупно капитал и резерви
Состојба на 1 јануари претходната деловна година	**I**	**185.223**	**41.972**	**397.034**	**-**	**-**	**63.004**	**460.038**	**-**	**(112.382)**	**252.581**	**47.257**	**874.689**
Промена во сметководствените политики	I1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Исправка на грешки во претходниот период	I2	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Состојба на 1 јануари претходната деловна година – исправено	**II**	**185.223**	**41.972**	**397.034**	**-**	**-**	**63.004**	**460.038**	**-**	**(112.382)**	**252.581**	**47.257**	**874.689**
Добивка или загуба за претходната деловна година	**III**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**16.855**	**-**	**52.435**	**69.290**
Добивка или загуба за претходната деловна година	III1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**52.435**	**52.435**
Несопственички промени во капиталот	**III2**	-	-	-	-	-	-	-	-	16.855	-	-	**16.855**
Нереализирани добивки/загуби од материјални средства	III2,1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Нереализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба	III2,2	-	-	-	-	-	-	-	-	16.855	-	-	**16.855**
Реализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба	III2,3	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останати несопственички промени во капиталот	III2,4	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Сопственички промени во капиталот	**IV**	**-**	**-**	**15.752**	**-**	**-**	**(41.815)**	**(26.063)**	**-**	**-**	**73.320**	**(47.257)**	**-**
Зголемување.намалување на акционерскиот капитал	IV1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останати уплати од страна на сопствениците	IV2	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Исплата на дивиденда	IV3	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останата распределба на сопствениците	IV4	-	-	15.752	-	-	(41.815)	**(26.063)**	-	-	73.320	(47.257)	**-**
Состојба на 31 декември претходната деловна година (исправена)	**V**	**185.223**	**41.972**	**412.786**	**-**	**-**	**21.189**	**433.975**	**-**	**(95.527)**	**325.901**	**52.435**	**943.979**

ПК: Извештај за промени во капиталот (продолжение)

				Резерви									
		Акционерски капитал	Премии на емитирани акции	Законски резерви	Статутарни резерви	Резерви за сопствени акции	Ост. резерви	Вкупно резерви	Откупени сопствени акции	Ревалоризациона резерва	Нераспределена добивка или пренесена загуба	Добивка/загуба за тековната година	Вкупно капитал и резерви
Состојба на 1 јануари тековната деловна година	**VI**	**185.223**	**41.972**	**412.786**	**-**	**-**	**21.189**	**433.975**	**-**	**(95.527)**	**325.901**	**52.435**	**943.979**
Промена во сметководствените политики	VI1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Исправка на грешки во претходниот период	VI2	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Состојба на 1 јануари тековната деловна година – преправено	**VII**	**185.223**	**41.972**	**412.786**	**-**	**-**	**21.189**	**433.975**	**-**	**(95.527)**	**325.901**	**52.435**	**943.979**
Добивка или загуба за тековната деловна година	**VIII**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**12.478**	**-**	**106.626**	**119.104**
Добивка или загуба за тековната деловна година	VIII1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**106.626**	**106.626**
Несопственички промени во капиталот	VIII2	-	-	-	-	-	-	-	-	12.478	-	-	**12.478**
Нереализирани добивки/загуби од материјални средства	VIII2,1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Нереализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба	VIII2,2	-	-	-	-	-	-	-	-	12.478	-	-	**12.478**
Реализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба	VIII2,3	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останати несопственички промени во капиталот	VIII2,4	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Сопственички промени во капиталот	**IX**	**-**	**-**	**17.478**	**-**	**-**	**(8.683)**	**8.795**	**-**	**-**	**43.640**	**(52.435)**	**-**
Зголемување/намалување на акционерскиот капитал	IX1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останати уплати од страна на сопствениците	IX2	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Исплата на дивиденда	IX3	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останата распределба на сопствениците	IX4	-	-	17.478	-	-	(8.683)	**8.795**	-	-	43.640	(52.435)	**-**
Состојба на 31 декември тековната деловна година	**X**	**185.223**	**41.972**	**430.264**	**-**	**-**	**12.506**	**442.770**	**-**	**(83.049)**	**369.541**	**106.626**	**1.063.083**

Белешките се составен дел на овие финансиски извештаи.

1. Општи информации

Триглав осигурување АД Скопје ("Друштвото") е акционерско друштво регистрирано и со седиште во Република Северна Македонија.

Друштвото е иницијално основано во 1968 година како дел од Зоил Дунав Београд. Своето осамостојување друштвото го добива во 1994 година, со трансформација и регистрација во акционерско Друштво со решение бр.09-5278/1, добиено од страна на Министерството за финансии на Република Македонија.

На 15 ноември 2007 година се промени сопственичката структура на А.Д за осигурување Вардар - Скопје, со блок трансакција на македонската берза, каде што, Заваровалница Триглав д.д, откупува 70,36% од акционерскиот капитал и станува сопственик на мнозинскиот дел од акциите.

Во 2011 година акциите на Заваровалница Триглав д.д. беа пренесени на Триглав Инт. Холдинска Дружба д.д. Љубљана, кога исто така, беше зголемено и учеството во акционерскиот капитал од 73,38%.

На 20 септември 2011 година, настана промена на името на Друштвото и ребрендирање од АД за осигурување ВАРДАР Скопје во Триглав осигурување АД Скопје.

На 31 декември 2025 година, квалификуваното учество во Триглав осигурување АД Скопје припаѓа на Триглав Инт. Холдинска Дружба д.д. Љубљана (82,01%). Крајна матична холдинг компанија е Заваровалница Триглав д.д.

Друштвото е регистрирано за вршење на 18 класи на неживотно осигурување, а најзначајни активности на Друштвото се осигурување од незгоди, одговорност кон трети лица, осигурување на моторни возила, општо осигурување од одговорност, осигурување од пожар, осигурување на домаќинства, како и осигурување на имот.

Во согласност со член 80-а и член 6 од Правилата за котација на Македонската Берза на хартии од вредност АД Скопје, од мај 2013 година акциите на Триглав Осигурување АД, Скопје котираат на подсегментот Задолжителна котација на Македонската Берза. Со тоа, Друштвото има постојана обврска да ги објавува сите информации нужни за проценка на моменталната состојба на друштвото, вклучувајќи ги и објавувањата кои се однесуваат на деловното работење, капиталот, значајни промени во финансиската состојба, дивидендниот календар, како и објавувањето на финансиски извештаи.

2. Органи на Друштвото

Начинот на управување на Триглав Осигурување АД, Скопје е според едностепен систем на управување.

Органи на Друштвото се:

- Собрание на акционери и
- Одбор на директори, со помошно тело Ревизорска комисија

Органите на Друштвото дејствуваат во согласност со законите и останатите прописи, Статутот и интерните прописи за работење.

Членовите на Одборот на директори се прикажани во продолжение:

- Г-дин Ѓорѓе Војновиќ, МБА – извршен член - главен извршен директор; магистер по бизнис администрација;
- Г-дин Војдан Јорданов MScBA – извршен член - извршен директор; магистер на науки за бизнис администрација, менаџмент на иновации;
- Г-дин Тедо Џекановиќ, МБА – Претседател на Одборот на директори; магистер по бизнис администрација;
- Г-дин Дарко Поповски, МБА – неизвршен член; магистер по бизнис администрација;

2. Органи на Друштвото (продолжение)

- Г-дин Матеј Ферлан, МБА – независен неизвршен член- магистер по бизнис администрација,
- Г-дин Блаж Кметец, неизвршен член, магистер по финасии – до 28.02.2025 година,
- Г-дин Ѓорѓи Јанчевски, дипломиран економист- независен неизвршен член и
- Г-дин Матеј Нарат, магистер по економија - независен неизвршен член.

Во текот на 2025 година, Одборот на директори одржа дванаесет (12) седници на кои беа разгледувани значајни прашања од делокругот на работењето на Друштвото. Одборот на директори разгледуваше и решаваше и за други работи од тековен карактер кои се во негова надлежност.

Со цел благовремено и квалитетно извршување на обврските од страна на Одборот на директори формирана е Ревизорска комисија како помошно тело на Одборот на директори. Ревизорската комисија обезбедува надзор и контрола на интегритетот на финансиско известување, внатрешна контрола, ефективност на внатрешната ревизија и дава препорака за избор на друштво за ревизија.

Ревизорската комисија има 4 (четири) члена и тоа:
- г-ѓа Матеја Гержина, претседател на Ревизорската комисија;
- г-ѓа Јана Полда, член;
- г-дин Бранко Флисар, член и
- г-дин Миран Крашевец.

Во временскиот период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година Ревизорската комисија одржа осум (8) седници на кои што беа разгледувани значајни прашања од делокругот на работењето на Друштвото, а кои особено се однесуваат на сметководственото и финансиското работење на Друштвото, работата на внатрешната и надворешната ревизија, ефикасноста на работењето на внатрешните контроли и управување со ризици, инспекциските и надворешните контроли во Друштвото и слично.

3. Вработени

На 31 декември 2025 година, Друштвото имаше 205 вработени (2024: 205) од кои што 139 се интерно вработени (2024: 129), а 66 (2024: 76) се застапници.

4. Основа за изготвување

(а) Извештај за усогласеност

Овие финансиски извештаи, во сите материјални износи се подготвени во согласност со Законот за супервизија на осигурување (Службен весник на РСМ бр. 27/02 и сите последователни промени) и Законот за трговски друштва (објавен во Службен весник на РСМ бр. 28/04 и сите последователни промени), како и дополнителната законска и подзаконска регулатива пропишана од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување. Согласно, оваа регулатива Друштвото го применува Правилникот за сметководство објавен во Службен весник бр. 75/2024 (во понатамошниот текст „Правилник“), со кој беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ том 2023“). Овој Правилник за сметководство ги опфаќа Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ“) - МСФИ 1 до МСФИ 17, Меѓународните сметководствени стандарди („МСС“) - МСС 1 до МСС 41, Комитетот за толкувања на меѓународното финансиско известување („КТМСФИ“) – КТМСФИ 1 до КТМСФИ 23 и применливите Толкувања на Постојаниот комитет за толкувања („ПКТ“) од ПКТ 7 до ПКТ 32. Горенаведените стандарди, измени и толкувања (МСФИ, КТМСФИ и ПКТ) се во примена во Република Северна Македонија, почнувајќи од 1 јануари 2025 година, освен МСФИ 17 кој ќе биде во примена почнувајќи од 1 јануари 2028 година. Исто така, со измената на Правилникот објавена во Службен весник бр. 274/2024, МСФИ 9 во Република Северна Македонија стапува во примена почнувајќи од 1 јануари 2028 година, притоа според насоките објавени од страна на Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија на Република Северна Македонија, МСС 39 како што е објавен во Службен весник бр. 159/2009 останува важечки сметководствен стандард за финансиските инструменти до тој датум.

Дополнително, Друштвото ги применува одредбите од Правилникот за методот на вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси.

Друштвото ги примени сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои беа објавени во Службен весник бр. 75/2024 и бр. 274/2024. Меѓутоа, бидејќи МСФИ 9 и МСФИ 17 не се во примена за периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, финансиските извештаи на Друштвото се подготвени во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија, како што е објавено во Правилникот и објаснето погоре. Притоа, бидејќи МСФИ 1 не беше применлив, Друштвото ги примени специфичните преодни одредби за сите важечки сметководствени стандарди како што е објаснето подолу.

Овие финансиски извештаи се презентирани во согласност со Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување (Службен весник на РСМ бр. 5/11 и сите последователни промени).

Средствата обезбедени со финансиски закупи се признаваа како средства на Друштвото по нивната објективна вредност или, доколку е пониска, по сегашна вредност на минималните плаќања по основ на закуп, определени на датумот на започнување на закупот. Соодветната обврска кон закуподавачот се вклучуваше во извештајот за финансиска состојба како обврска по основ на финансиски закуп.

Плаќањата по финансиски закуп се распределуваа меѓу финансиски расход и намалување на обврската, така што се постигнуваше постојана стапка на камата врз остатокот на обврската. Финансиските расходи се признаваа веднаш во добивка или загуба, освен ако не беа директно атрибутивни на квалификувачки средства, при што се капитализираа согласно општата политика на Друштвото за трошоци за заеми.

Наемите што се плаќаа по основ на оперативни закупи се признава како расход на линеарна основа за периодот на траење на соодветниот закуп, освен кога друг посистематски основ е попрепрепрезентативен за моделот на консумирање на економските придобивки од средството предмет на закуп.

6. Сметководствени проценки и расудувања

Друштвото прави проценки и претпоставки кои влијаат на износите на средствата и обврските во наредната финансиска година. Проценките и со нив поврзаните претпоставки постојано се предмет на преоценување и се темелат на минато искуство и други фактори, вклучувајќи ги очекувањата за идните настани за кои се верува дека се извесни во соодветните околности.

(i) Клучни извори на несигурност во проценките

Подолу се презентирани проценките и претпоставките во врска со обврските по основ на осигурување. Во белешката 7 се обелоденети факторите на ризик кои произлегуваат од овие договори.

Резерви по договори за осигурување

Претпоставките кои влијаат на прикажаните износи на средства и обврски од осигурување се користат за да се утврди резервата по договори за осигурување, која е доволна за да се покријат обврските кои можат да произлезат од договорите за осигурување, доколку тие можат да се предвидат.

Како и да е, земајќи ја во предвид неизвесноста при утврдувањето на резервацијата на неподмирени штети, возможно е дека крајниот резултат ќе се разликува од оригинално утврдената обврска.

Општи договори за осигурување

На датумот на извештајот за финансиската состојба се одредуваат резерви за очекуваните конечни трошоци за подмирување на сите штети кои настанале се до тој датум, без оглед дали се пријавени или не, вклучувајќи ги и трошоците за разрешување на штетите, намалени за износите кои се веќе исплатени.

Резервите за штети не се дисконтираат за временската вредност на парите.

Изворите на податоци употребени како влезни информации за градење на претпоставките се типични и интерни за Друштвото, притоа применувајќи детални анализи кои се прават најмалку еднаш годишно. Претпоставките се проверуваат со цел да се утврди дали се конзистентни со информациите од пазарот или други објавени информации.

Друштвото обрнува посебно внимание на тековните трендови.

Проценката на настанатите, но сеуште непријавени штети (“ИБНР”) генерално е предмет на повисок степен на несигурност во однос на проценките на пријавените штети, за кои што Друштвото располага со повеќе информации. ИБНР штетите многу често може да станат видливи за Друштвото дури по неколку години по случувањето на настанот кој ја предизвикал таа штета.

Секоја пријавена штета се проценува поодделно, земајќи ги во предвид условите во кои настанала штетата, информациите достапни од проценителите на штети и минатите искуства за големината на слични штети. Проценките по поодделните предмети редовно се прегледуваат и се ажурираат со нови информации.

Потешкотиите при проценувањето на резервите се разликуваат кај различните класи на осигурување од повеќе причини, вклучувајќи ги следниве:

- Разлики во условите на договорите за осигурување;
- Различна сложеност на штетите;
- Разлики во тежината на секоја штета;
- Разлики во периодот помеѓу настанувањето и пријавувањето на штетите.

6. Сметководствени проценки и расудувања (продолжение)

(i) Клучни извори на несигурност во проценките (продолжение)

Општи договори за осигурување (продолжение)

Кај одредени класи на осигурување може да постојат значајни одолговлекувања од моментот на пријавување на штетата до моментот на разрешување на истата, така да не може со сигурност да се знаат конечните трошоци на датумот на извештајот за финансиската состојба.

Вредноста на резервите за настанати, а сеуште непријавени штети се проценуваат со примена на статистички методи. Овие методи го екстраполираат развојот на платените и настанати штети, просечниот трошок по штета и конечниот број на штети за секоја година во која се случуваат несреќите, врз основа на набљудувањата на развојот во претходните години и очекуваните коефициенти на штети.

Клучниот статистички метод кој се применува е методот на верижно скалило - (Chain Ladder method) кој користи историски податоци за проценување на очекуваниот исход на платените и настанати штети.

Примената на историски податоци подразбира дека начинот на развој на штетите ќе се повторува и во иднина. Поради тоа што ова не е секогаш така, методите на проценка се менуваат во зависност од условите. Причините може да бидат:

- Економски, правни, политички и социјални трендови (кои резултираат со, на пример разлики во очекуваното ниво на инфлација);
- Промена во портфолиото на договорите за осигурување;
- Влијанието на големите загуби.

Штетите од општите договори за осигурување се плаќаат по настанување на штетата. Договорите се склучуваат на кратки рокови, најчесто за период од една година, при што Друштвото има обврски по сите настанати осигурани настани за времетраењето на договорот.

Пократкиот рок на разрешување на овие штети му овозможува на Друштвото да има поголема сигурност при проценката на трошоците за штети и да пресметува помало ниво на резерви за настанатите, но сеуште непријавени штети.

Претпоставки

Клучна претпоставка при проценките на Друштвото е искуството со развојот на штетите во минатото. Ова вклучува претпоставки за просечните трошоци за штети, трошоците за решавање на штетите, факторот на инфлацијата и бројот на штети во секоја година. При утврдувањето до која мера влијаат надворешните фактори, како што се судските одлуки и законската регулатива врз проценките се користи расудување.

Во текот на 2025 година немаше промена во претпоставките при утврдувањето на резервите по договорите за осигурување, а кои би биле материјални за финансиските извештаи.

(ii) Клучни сметководствени расудувања во примената на сметководствените политики на Друштвото

Одредени клучни сметководствени расудување во примената на сметководствените политики на Друштвото се презентирани подолу.

6. Сметководствени проценки и расудувања (продолжение)

(ii) Клучни сметководствени расудувања во примената на сметководствените политики на Друштвото (продолжение)

Класификација на договорите за осигурување

Договори за осигурување се договори со кои Друштвото прифаќа значителен ризик од осигурување од другата договорна страна (осигуреникот).

Класификација на финансиските средства и обврски

Сметководствените политики на Друштвото овозможуваат финансиските средства и обврски да бидат класификувани во одредени категории, во зависност од условите:

При класификацијата на одредено средство како чувано-до-достасаност, Друштвото има позитивна намера и способност за задржување на истото до рокот на достасаност, како што е презентирано во сметководствените политики во белешка 5.

(iii) Анализа на сензитивност

Друштвото го има проценето влијанието на промената на одредени клучни варијабли врз добивката за годината, капиталот и коефициентот на покриеност.

Споредбено со тековната позиција на капиталот, добивката за годината, капиталот, коефициентот на покриеност и солвентност со сопствениот капитал на 31 декември 2025 година и 31 декември 2024 година се презентирани во табелата подолу.

За годината завршена на 31 декември 2025 година:

Во илјади денари	**Добивка за годината**	**Капитал и резерви**	**Потребно ниво на маргина на солвентност**	**Гарантен фонд**	**Коефициент на покриеност**	**Промена на коефициент на покриеност**
Тековна позиција на капиталот	**106.626**	**1.063.083**	**201.778**	**184.485**	**527%**	**-**
2% зголемување на приносот од вложувања	108.253	1.064.711	201.778	184.485	528%	1%
2% намалување на приносот од вложувања	104.998	1.061.456	201.778	184.485	526%	(1%)
5% зголемување на настанати штети	80.098	1.036.556	201.778	184.485	514%	(13%)
5% намалување на настанати штети	133.153	1.089.611	201.778	184.485	540%	13%
2% зголемување на вкупните трошоци	92.621	1.049.079	201.778	184.485	520%	(7%)
2% намалување на вкупните трошоци	120.630	1.077.088	201.778	184.485	534%	7%
1% зголемување на курсот на МКД во однос на ЕУР	108.995	1.065.453	201.778	184.485	528%	1%
1% намалување на курсот на МКД во однос на ЕУР	104.256	1.060.714	201.778	184.485	526%	(1%)

6. Сметководствени проценки и расудувања (продолжение)

(iii) Анализа на сензитивност (продолжение)

За годината завршена на 31 декември 2024 година:

Во илјади денари	**Добивка за годината**	**Капитал и резерви**	**Потребно ниво на маргина на солвентност**	**Гарантен фонд**	**Коефициент на покриеност**	**Промена на коефициент на покриеност**
Тековна позиција на капиталот	**52.435**	**943.979**	**208.396**	**184.485**	**453%**	**-**
2% зголемување на приносот од вложувања	53.764	945.308	208.396	184.485	454%	1%
2% намалување на приносот од вложувања	51.107	942.651	208.396	184.485	452%	(1%)
5% зголемување на настанати штети	22.711	914.255	208.396	184.485	439%	(14%)
5% намалување на настанати штети	82.160	973.704	208.396	184.485	467%	14%
2% зголемување на вкупните трошоци	40.077	931.621	208.396	184.485	447%	(6%)
2% намалување на вкупните трошоци	64.793	956.337	208.396	184.485	459%	6%
1% зголемување на курсот на МКД во однос на ЕУР	55.061	946.605	208.396	184.485	454%	1%
1% намалување на курсот на МКД во однос на ЕУР	49.809	941.353	208.396	184.485	452%	(1%)

Резулатите од сите симулации покажуваат добро ниво на капитализираност на Друштвото. Најзначајно влијание врз добивката за годината, капиталот и коефициентот на покриеност има потенцијалната промена на настанатите штети.

При извршувањето на овие анализи претпоставка е дека останатите фактори се константни, а се менува само една варијабла. Треба да се нагласи дека информациите презентирани во табелите погоре се подготвени со примена на детерминистички пристап, така да не постои корелација помеѓу клучните варијабли и анализата не може да се пренесе на нив.

Каде што се смета дека варијаблите се нематеријални, не е проценето влијанието на незначајните промени на овие варијабли. Одредени варијабли може да не бидат материјални во моментот, но доколку се промени нивото на материјалност на одредена варијабла, треба да се направи проценка на влијанието на таа варијабла во иднина.

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик

Цели на управување со ризикот и политики за намалување на ризикот од осигурување

Управувањето на Друштвото со ризикот од осигурување и финансискиот ризик се критични за работењето на Друштвото. За општите договори за осигурување целта е да се одберат средства чиј рок и износ при достасување ќе биде усогласен со очекуваните парични одливи по основ на настанатите штети по тие договори.

Главната осигурителна активност на Друштвото претпоставува ризик од загуба од лица или организации кои што се директно изложени на ризикот. Овие ризици може да се однесуваат на имот, обврска, здравје, незгода или останати ризици што може да произлезат од осигурани настани. Друштвото е изложено на неизвесноста поврзана со времето на настанување, зачестеноста и тежината на штетите што произлегуваат од тие договори. Друштвото исто така е изложено и на пазарен ризик преку осигурителните и инвестиционите активности.

Друштвото управува со ризиците од осигурување преку поставување на лимити за осигурување, централизирано управување со реосигурувањето и следење на вонредни настани.

Стратегија за запишување на полиси за осигурување

Стратегијата на Друштвото за запишување на полиси за осигурување е да се постигне дисперзија со што би се обезбедило избалансирано портфолио и кое се базира на големо портфолио со слични ризици во текот на повеќе години, со што се намалува променливоста на резултатот.

Стратегијата на Друштвото за запишување на полиси за осигурување е презентирана во годишниот деловен план во кој се утврдени класите за осигурување, територијата на дејствување, како и индустриските сектори во кои Друштвото е подготвено да осигурува. Сите општи договори за осигурување се по природа годишни и осигурителот има право да одбие обновување или продолжување на истите, како и промена на условите на договорот при неговото продолжување.

Стратегија за реосигурување

Друштвото реосигурува дел од ризиците за осигурување за да ја контролира својата изложеност кон загуби и за да ги заштити изворите на капитал. Друштвото склучува комбинација од пропорционални и не пропорционални договори за реосигурување за да ја намали нето изложеноста. Најголем дел од договорите за реосигурување се темелат на пропорција од делот со задржувачки лимити кои варираат по вид на осигурување. Исто така, Друштвото купува и факултативно реосигурување во одредени специфични случаи.

Факултативните договори мора претходно да бидат посебно одобрени и трошоците по нив редовно се следат.

Договорите за реосигурување содржат кредитен ризик и таквите средства повратени од реосигурителите, се искажуваат по утврдување на загуба за оштетување како резултат на настанато признаено средство. Друштвото редовно ја следи финансиската состојба на реосигурителите и периодично ги проверува договорите со реосигурителите. Раководството на Друштвото ги определува минималните безбедносни критериуми за прифатливо реосигурување и следи дали при склучувањето на договорите за реосигурување истите се запазени. Исто така, раководството на Друштвото редовно ја следи успешноста на програмата за реосигурување. Кредитниот ризик на реосигурувањето е подетално објаснет подолу во оваа белешка.

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Усогласеност на средствата и обврските

Законот за супервизија на осигурувањето пропишува одредени лимити во однос на политиката за усогласување на средствата и обврските на Друштвото.

Друштвото активно управува со својата финансиска позиција користејќи пристап со кој се балансира квалитетот, дисперзија, ликвидноста и повратот на вложувањата, земајќи ги во предвид лимитите одредени во Законот за супервизија на осигурувањето. Главна цел е да се усогласат паричните текови на средствата и обврските.

Согласно законската регулатива, Друштвото е должно да вложува средства во висина барем еднаква на техничките резерви. На 31 декември 2025 година, дел од вложувањата кои служат како средства што ги покриваат резервите по договорите за осигурување изнесуваат 1.742.439 илјади денари (2024: 1.644.327 илјади денари). Овие средства се состојат од банкарски сметки и депозити во банки, акции, како и државни обврзници.

Во табелата е презентирано усогласувањето на средствата со обврските согласно законските барања, во врска со средствата што ги покриваат техничките резерви:

Во илјади денари	**2025**	**2024**
Средства		
Парични средства во благајна и средства на банкарските сметки	30.854	22.382
Депозити во банки	356.500	344.000
Обврзници и други должнички хартии за кои гарантира РМ - државни записи	-	-
Обврзници и други должнички хартии за кои гарантира РМ - државни обврзници	1.292.533	1.181.613
Обврзници и други должнички хартии со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РМ	-	-
Акции со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РМ	15.744	17.798
Акции со кои не се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РМ, ако нивен издавач е правно лице со седиште во РМ	-	-
Вложувања во инвестициони фондови	46.808	78.535
Вложувања во долгорочни обврзници и хартии од Вредност чиј издавач е странски правен субјект од Земја членка на ЕУ	-	-
Друг вид вложувања согласно правилата на АСО	-	-
Вкупно вложени средства од техничките резеви	**1.742.439**	**1.644.328**
Обврски (Технички резерви)		
Бруто резерви по договори за осигурување	2.012.476	1.914.987
Дел за реосигурителот	(701.782)	(651.389)
Вкупно резерви по договори за осигурување (нето)	**1.310.694**	**1.263.598**
Усогласеност на средствата и обврските	**431.745**	**380.730**

Согласно барањата на Законот за супервизија на осигурувањето и "Правилникот за видовите и карактеристиките на средствата кои ги покриваат техничките резерви, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување" паричните средства во благајна и средствата на банкарските сметки не смеат да надминат 3% од вкупните средства кои ги покриваат техничките резерви. Депозитите во банки не смеат да надминат 60% од вкупните средства кои ги покриваат техничките резерви. Обврзниците или другите хартии од вредност издадени и гарантирани од Република С. Македонија не смеат да надминат 80% од вкупните средства кои ги покриваат техничките резерви.

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Усогласеност на средствата и обврските (продолжение)

Исто така, акциите издадени врз основа на одобрение на Комисијата за хартии од вредност не смеат да надминат 30% од вкупните средства кои ги покриваат техничките резерви, додека за инвестициони фондови вложувањата не смеат да надминат 20%. На 31 декември 2025 година, паричните средства во благајна и средствата на банкарските сметки изнесуваат 1,77% (2024: 1,36%), депозитите во банки изнесуваат 20,46% (2024: 20,92%) , државните записи и државните обврзници изнесуваат 74,18% (2024: 71,86%), обврзниците издадени од правни лица изнесуваат 0 % (2024: 0 %) акциите изнесуваат 0,90% (2024: 1,08%), вложувањата во инвестициони фондови изнесуваат 2,69% (2024: 4,78%), додека вложувањата во долгорочни обврзници чиј издавач е странски правен субјект изнесуваат 0% (2024: 0%) од вкупните средства кои ги покриваат техничките резерви.

Одговорност кон трети лица

Карактеристики

Друштвото склучува договори за осигурување од одговорност кон трети лица. Согласно овие договори надомест се исплатува за претрпени повреди од физички лица, вклучувајќи вработени или трети лица. Главно, оваа класа на осигурување се однесува на претрпени телесни повреди.

Времетраењето на процесот на исплата на штетата од датумот на пријавување на штета до датумот на разрешување на истата зависи од повеќе фактори, како што се природата на покритието, условите на полисата како и тоа кој суд е надлежен според договорот.

Поголемиот дел од штетите за претрпени телесни повреди имаат релативно краток период на разрешување, а најчесто тој период изнесува една година.

Најголем дел од договорите за осигурување од одговорност кон трети лица не се предмет на значајна комплексност така да и крајниот исход е помалку неизвесен. Генерално овие договори резултираат со помала неизвесност во проценките.

Управување со ризикот

Управувањето со ризикот од договори за осигурување од одговорност кон трети лица се прави главно преку цената, дизајнот на производот, изборот на ризик, соодветна стратегија за инвестирање, проценка и реосигурување. Друштвото ги следи и реагира на промените на општите економски и комерцијални услови во опкружувањето во кое работи за да се осигура дека само оние ризици кои се во согласност со критериумите на Друштвото се предмет на осигурување.

Главен ризик во договорите за осигурување од одговорност кои резултираат со претрпени телесни повреди е трендот судовите да одредуваат високо ниво на надомест. При утврдувањето на премијата Друштвото претпоставува дека трошоците ќе се зголемат пропорционално со крајно расположливите информации.

Клучните ризици поврзани со овие договори се поврзани со осигурувањето, конкуренцијата, искуството со штети и евентуалноста осигурениците да преувеличат или измислат штета.

Имот

Карактеристики

Друштвото склучува договори за осигурување на имот што се наоѓа на територијата на Република С. Македонија. Договорите за осигурување на имот до одредени лимити го заштитуваат осигуреникот од загуба или штета на нивниот имот.

Повратот на акционерите по основ на овие договори произлегува од вкупните наплатени премии од осигурениците намалени за износот на платени штети и трошоците на Друштвото.

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Имот (продолжение)

Карактеристики (продолжение)

Цел на Друштвото е да заработува приход од вложувања заради временската разлика помеѓу наплатата на премии и плаќањето на штети по основ на овој вид на осигурување.

Настанот што предизвикува штета на градежни објекти или друг имот најчесто се случува ненадејно (како што е пожар или кражба) при што причината за штета лесно се определува. Во овој случај, штетата ќе биде брзо пријавена и може да биде разрешена без одлагање. Соодветно имотното осигурување се класификува како краткорочно, што значи дека зголемувањето на трошоците и повратот на вложувањето се од помало значење.

Управување со ризикот

Главните ризици поврзани со овие договори е ризикот од осигурување, ризикот од дејствувањата на конкуренцијата и искуството со штети (вклучувајќи го и променливото настанување на природни непогоди). Друштвото исто така е изложено и на ризик од осигурениците да ја преувеличат или измислат штетата. Ова во голема мерка објаснува зошто економските услови се во корекција со профитабилноста на портфолиото на договори за осигурување на имот.

Ризикот од овие осигурувања е ризикот Друштвото да наплати несоодветна премија за различните имоти што ги осигурува. Ризикот од секоја поодделна полиса ќе варира во зависност од повеќе фактори како што се локацијата, воспоставените сигурносни мерки и староста на имотот. За осигурувањето на домашен имот, се очекува голем број од имотите да бидат изложени на слични ризици. Меѓутоа, ова не важи за деловните објекти.

Голем број од деловните објекти претставуваат специфична комбинација на локација, вид на работење и воспоставени сигурносни мерки. Пресметката на премијата е пропорционална со ризикот овие полиси да бидат субјективни и со тоа и по ризични.

Друштвото го реосигурува ризикот пропорционално со задржување на ризикот до определен лимит кој е различен во зависност од типот на производот и територијата.

Осигурување на возила

Карактеристики

Друштвото склучува договори за осигурување на возила на територијата на Република С. Македонија. Ова осигурување вклучува осигурување и на имот и одговорност кон трети лица и е краткорочно. Брзото плаќање го заштитува осигуреникот од загубата на вредноста на физичка штета на возилото и на имотот во моментот на случување на штетниот настан, предмет на одредени лимити или надминувања.

За разрешување на штетите во кои се претрпени телесни повреди е потребно повеќе време и се покомплексни за да се проценат. Овие видови на осигурување на моторни возила исто така покриваат и штети од одговорност кон трети лица и смртен случај или повреда.

Управување со ризикот

Генерално гледано овие штети се помалку комплексни и е потребно пократок период за да се разрешат, така што тие носат умерен ризик. Друштвото редовно ги следи трендовите и соодветно реагира на промените на надоместот за овој вид на повреди, судските парници и зачестеноста на пријавување на штети.

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Осигурување на возила (продолжение)

Управување со ризикот (продолжение)

Зачестеноста на овие штети зависи од неповолните временски услови и бројот на пријавени штети е поголем во зимските месеци. Исто така, истите зависат и од цената на горивото и економските активности, кои што влијаат на сообраќајните активности.

Друштвото го реосигурува ризикот непропорционално со вишок над покриеност на загуба, што му овозможува на осигурителот задржување на ризиците до одреден утврден лимит.

Развој на штети

Друштвото нема презентирано информација за развојот на штети т.е споредба меѓу исплатените штети и резервата, првенствено поради тоа што тие типично се разрешуваат во рок од една година.

Концентрација на ризикот од осигурување

Главен аспект на ризикот од осигурување со кој се соочува Друштвото е концентрацијата на ризик која може да постои доколку се случи одреден штетен настан кој би можел значително да влијае врз обврските на Друштвото. Ова може да произлезе од еден договор за осигурување или повеќе помали, но поврзани договори кои би можеле да предизвикаат значителни обврски за Друштвото. Важен аспект на концентрација на ризикот од осигурување е дека може да настане со кумулирање на ризиците од повеќе поодделни класи на осигурување.

Концентарција може да настане и кај многу сериозни, ретки настани, како што се природни катастрофи, како и кај настани кои се поврзани со одредени групи или територии.

(i) Географска и секторска концентарција

Ризиците на кои е изложено Друштвото се лоцирани во Република С.Македонија.

Раководството верува дека Друштвото не е изложено на значителна концентација кон ниедна група на осигуреници од социјален, професионален, старосен или друг аспект.

(ii) Концентрација од многу сериозни, ретки настани

Според нивната природа и настанување овие настани ретко се случуваат. Тие претставуваат сериозен ризик за Друштвото бидејќи случувањето на ваков настан, би имал значително влијание врз паричните одливи на Друштвото.

Друштвото управува со овие ризици на следните начини:

Првенствено ризикот се управува преку склучување на соодветни договори за осигурување. Агентите за осигурување не смеат да склучат договор доколку очекуваните добивки не се пропорционални на ризикот.

Како второ, овој ризик се управува и преку склучување на договори за реосигурување. Друштвото склучува договори за реосигурување, како што се - вишок на ризик за класата на осигурување имот, договор за екцедентно техничко реосигурување, квотен договор за реосигурување на ризикот земјотрес и вишок на штета за зелена карта. Друштвото редовно ја следи програмата за реосигурување, како и трошоците и користите од истата.

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Финансиски ризик

Друштвото е изложено на финансиски ризик преку финансиските средства, финансиските обврски, средствата од реосигурување, обврските за осигурување и реосигурување. Поконкретно, главен финансиски ризик е дека приливите по основ на финансиски средства нема да бидат доволни за да се подмират обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување. Финансискиот ризик ги опфаќа ризикот од каматни стапки, валутниот ризик, ликвидносниот ризик и кредитниот ризик.

Цел на Друштвото е да ги усогласи обврските по основ на договорите за осигурување со средства со ист или сличен ризик. Ова му обезбедува на Друштвото сите достасани обврски редовно да ги исплаќа.

(i) Каматен ризик

Изложеноста на Друштвото на каматен ризик првенствено произлегува од портфолиото на вложувања.

Според раководството на Друштвото најголем дел од осигурителните договори се краткорочни и каматниот ризик се намалува преку вложување во должнички инструменти и депозити во домашни банки. Не-сопственичкиот дел од финансиските средства е изложен на каматен ризик, иако најголем дел од нив се со фиксна камата (државни записи и обврзници).

Краткорочните обврски за осигурување и реосигурување не се директно осетливи на пазарните каматни стапки бидејќи се недисконтирани и се некаматоносни.

Заеднички обврски

Друштвото има обврски кон Националното Биро за Осигурување во сооднос со учеството на Друштвото во штетите кои произлегуваат од осигурување на моторни возила, причинети од непознати сторители или неосигурани возила. Дополнително, Друштвото како и останатите друштва кои се вклучени на пазарот и вршат осигурување на моторни возила, е обврзано да учествува со дел во неисплатените штети кои произлегуваат од осигурувањето на моторни возила, во случај на ликвидирање на било кое осигурително друштво на пазарот, во согласност со Законот за супервизија на осигурувањето.

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Финансиски ризик (продолжение)

(i) Каматен ризик (продолжение)

За годината завршена на 31 декември 2025 година:

Во илјади денари	***Белешка***	**Вкупно**	**Инструменти со променлива каматна стапка**	**Инструменти со фиксна каматна стапка**					**Некаматоносни**
				До 1 месец	**1 до 3 месеци**	**3 месеци до 1 година**	**1 до 5 години**	**Повеќе од 5 години**	
Средства									
Финансиски вложувања во друштва во група - подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	*25*	13.909	13.909	-	-	-	-	-	-
Финансиски вложувања расположливи за продажба	*26А*	1.308.277	-	-	15.435	40.219	602.971	633.908	15.744
Финансиски вложувања за тргување		46.808	-	-	-	-	-	-	46.808
Депозити, заеми и останати пласмани	*26В, 26Г*	356.500	-	7.500	70.000	204.000	75.000	-	-
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	*27*	701.782	-	-	-	-	-	-	701.782
Одложени и тековни даночни средства	*28*	9.314	-	-	-	-	-	-	9.314
Побарувања од непосредни работи на осигурување	*29*	284.221	-	-	-	-	-	-	284.221
Побарувања од работи на соосигурување и реосигурување		92.809	-	-	-	-	-	-	92.809
Останати побарувања	*30А, 30Б, 30В*	36.637	-	-	-	-	-	-	36.637
Парични средства и останати парични еквиваленти	*32Б*	30.854	-	-	-	-	-	-	30.854
Активни временски разграничувања	*33*	107.248	-	-	-	-	-	-	107.248
Вкупно средства		**2.988.359**	**13.909**	**7.500**	**85.435**	**244.219**	**677.971**	**633.908**	**1.325.417**
Обврски		-							
Бруто технички резерви	*39*	(2.012.476)	-	-	-	-	-	-	(2.012.476)
Останати резерви	*40*	(30.463)	-	-	-	-	-	-	(30.463)
Одложени и тековни даночни обврски	*41*	(8.694)	-	-	-	-	-	-	(8.694)
Обврски од непосредни работи на осигурување	*42*	-	-	-	-	-	-	-	
Обврски од работи на соосигурување и реосигурување	*42*	(172.590)	-	-	-	-	-	-	(172.590)
Останати обврски	*43*	(179.717)	-	-	-	-	-	-	(179.717)
Пасивни временски разграничувања	*44*	(71.688)	-	-	-	-	-	-	(71.688)
Вкупно обврски		(2.475.628)	-	-	-	-	-	-	(2.475.628)
Неусогласеност на средствата и обврските		**512.731**	**13.909**	**7.500**	**85.435**	**244.219**	**677.971**	**633.908**	**(1.150.211)**

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Финансиски ризик (продолжение)

(i) Каматен ризик (продолжение)

За годината завршена на 31 декември 2024 година:

Во илјади денари	***Белешка***	**Вкупно**	**Инструменти со променлива каматна стапка**	**Инструменти со фиксна каматна стапка**					**Некаматоносни**
				До 1 месец	**1 до 3 месеци**	**3 месеци до 1 година**	**1 до 5 години**	**Повеќе од 5 години**	
Средства									
Финансиски вложувања во друштва во група - подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	*25*	14.750	14.750	-	-	-	-	-	-
Финансиски вложувања расположливи за продажба	*26А*	1.328.006	-	106.973	16.435	27.100	386.105	709.750	81.643
Финансиски вложувања за тргување		64.389	-	-	-	-	-	-	64.389
Депозити, заеми и останати пласмани	*26В, 26Г*	398.913	-	69.913	25.000	201.000	103.000	-	-
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	*27*	651.389	-	-	-	-	-	-	651.389
Одложени и тековни даночни средства	*28*	10.700	-	-	-	-	-	-	10.700
Побарувања од непосредни работи на осигурување	*29*	236.156	-	-	-	-	-	-	236.156
Побарувања од работи на соосигурување и реосигурување		88.422	-	-	-	-	-	-	88.422
Останати побарувања	*30А, 30Б, 30В*	38.764	-	-	-	-	-	-	38.764
Парични средства и останати парични еквиваленти	*32Б*	22.382	-	-	-	-	-	-	22.382
Активни временски разграничувања	*33*	101.364	-	-	-	-	-	-	101.364
Вкупно средства		**2.955.235**	**14.750**	**176.886**	**41.435**	**228.100**	**489.105**	**709.750**	**1.295.209**
Обврски		-							
Бруто технички резерви	*39*	(1.914.987)	-	-	-	-	-	-	(1.914.987)
Останати резерви	*40*	(28.783)	-	-	-	-	-	-	(28.783)
Одложени и тековни даночни обврски	*41*	(4.255)	-	-	-	-	-	-	(4.255)
Обврски од непосредни работи на осигурување	*42*	-	-	-	-	-	-	-	-
Обврски од работи на соосигурување и реосигурување	*42*	(158.431)	-	-	-	-	-	-	(158.431)
Останати обврски	*43*	(54.020)	-	-	-	-	-	-	(54.020)
Пасивни временски разграничувања	*44*	(51.483)	-	-	-	-	-	-	(51.483)
Вкупно обврски		**(2.211.959)**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**(2.211.959)**
Неусогласеност на средствата и обврските		**743.276**	**14.750**	**176.886**	**41.435**	**228.100**	**489.105**	**709.750**	**(916.750)**

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Финансиски ризик (продолжение)

(ii) Кредитен ризик

Кредитниот ризик претставува сметководствена загуба што би била признаена доколку договорната странка не ги исполни договорените обврски. За да ја контролира изложеноста кон кредитниот ризик, Друштвото редовно врши кредитна проценка на финансиската состојба на овие странки.

Побарувања по основ на осигурување

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога осигурениците нема да ги исполнат своите финансиски обврски што произлегуваат од договорите за осигурување. Изложеноста на Друштвото изнесува максимално до износот на сметководствената вредност на побарувањата по основ на премија и останатите побарувања. Побарувањата по основ на премии се од голем број на клиенти, така да концентрацијата на кредитен ризик е минимална. Друштвото редовно ги следи побарувањата по основ на премии, со што изложеноста кон лоши побарувања е контролирана.

Средства од реосигурување

Друштвото е изложено на кредитен ризик и преку средствата од реосигурување. Најголемиот дел од договорите за реосигурување се склучени со Позаваровалница Триглав која е членка на Триглав групацијата кон која припаѓа и Друштвото. Раководството на Друштвото редовно прави оценка на кредитоспособноста на реосигурителите за да може да ја ажурира стратегијата за реосигурување.

Финансиски инструменти

Друштвото е изложено на кредитен ризик кај финансиските инструменти во однос на можната ненаплатливост од другите странки.

Сепак земајќи во предвид дека најголемиот дел од вложувањата на Друштвото се во државни записи, државни обврзници и орочени депозити во домашни банки, не се очекува овие вложувања да не се повратат. Друштвото редовно ја анализира наплатливоста на дадените заеми и доколку е потребно, одредува соодветна исправка на вредноста.

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Финансиски ризик (продолжение)

(ii) Кредитен ризик (продолжение)

Анализа на максимална изложеност на кредитен ризик

	Побарувања од непосредни работи од осигурување		Вложувања расположливи за продажба		Вложувања за тргување		Орочени депозити, дадени заеми и останати пласмани		Парични средства и парични еквиваленти	
Во илјади денари	**2025**	**2024**	**2025**	**2024**	**2025**	**2024**	**2025**	**2024**	**2025**	**2024**
Сметководствена вредност на побарувања за кои Друштвото има издвоено исправка на вредноста	350.393	345.993					92.044	94.008		
Исправка на вредноста на побарувањата	(290.492)	(291.211)	-	-	-	-	(92.044)	(94.008)	-	-
Сметководствена вредност на побарувањта намалени за исправка на вредноста	**59.901**	**54.782**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**
Старосна структура на достасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредноста										
до 3 месеци	33.692	30.001	-	-	-	-	-	-	-	-
од 3 месеци до 1 година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
над 12 месеци	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
	33.692	30.001	-	-	-	-	-	-	-	-
Недостасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредноста	**190.627**	**151.373**	**1.308.277**	**1.328.006**	**46.808**	**64.389**	**356.500**	**398.913**	**30.854**	**22.382**
Вкупна сметководствена вредност на побарувања со кредитен ризик пред исправката на вредноста	**574.713**	**527.367**	**1.308.277**	**1.328.006**	**46.808**	**64.389**	**448.544**	**492.921**	**30.854**	**22.382**
Вкупна исправка на вредноста	**(290.492)**	**(291.211)**	**-**	**-**	**-**	**-**	**(92.044)**	**(94.008)**	**-**	**-**
Вкупна сметководствена вредност на побарувања со кредитен ризик намалени за исправката на вредноста	**284.221**	**236.156**	**1.308.277**	**1.328.006**	**46.808**	**64.389**	**356.500**	**398.913**	**30.854**	**22.382**

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Финансиски ризик (продолжение)

(iii) Валутен ризик

Друштвото е изложено на валутен ризик преку трансакциите во странска валута и преку средствата и обврските во странска валута.

За да го избегне ризикот од негативното влијание на промената на девизните курсеви, Друштвото претежно има средства и обврски во евра. Денарот е врзан за еврото и монетарната проекција е дека девизниот курс на денарот во однос на еврото ќе биде стабилен.

Во табелите подолу е прикажана изложеноста на Друштвото на валутен ризик. Во табелите е презентирана сметководствената вредност на средствата и обврските, по валути.

За годината завршена на 31 декември 2025 година:

Во илјади денари	**МКД**	**ЕУР**	**УСД**	**Останати странски валути**	**Вкупно**
Средства					
Финансиски вложувања во друштва во група - подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	13.909	-	-	-	13.909
Финансиски вложувања расположливи за продажба	1.105.692	202.585	-	-	1.308.277
Финансиски вложувања за тргување	46.808	-	-	-	46.808
Депозити, заеми и останати пласмани	356.500	-	-	-	356.500
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	24.859	659.162	17.761	-	701.782
Одложени и тековни даночни средства	9.314	-	-	-	9.314
Побарувања од непосредни работи на осигурување	284.221	-	-	-	284.221
Побарувања од работи на соосигурување и реосигурување	48.386	38.116	6.307	-	92.809
Останати побарувања	34.602	2.035	-	-	36.637
Парични средства и останати парични еквиваленти	28.524	1.023	1.307	-	30.854
Активни временски разграничувања	107.248	-	-	-	107.248
Вкупно средства	**2.060.063**	**902.921**	**25.375**	**-**	**2.988.359**
Обврски					
Бруто технички резерви	(1.921.612)	(45.232)	(1.738)	(43.894)	(2.012.476)
Останати резерви	(30.463)	-	-	-	(30.463)
Одложени и тековни даночни обврски	(8.694)	-	-	-	(8.694)
Обврски од непосредни работи на осигурување	-	-	-	-	-
Обврски од работи на соосигурување и реосигурување	(104.246)	(59.881)	(8.463)		(172.590)
Останати обврски	(174.090)	(5.627)	-	-	(179.717)
Пасивни временски разграничувања	(69.621)	(2.067)	-	-	(71.688)
Вкупно обврски	**(2.308.726)**	**(112.807)**	**(10.201)**	**(43.894)**	**(2.475.628)**
Нето вредност	**(248.663)**	**790.114**	**15.174**	**(43.894)**	**512.731**

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Финансиски ризик (продолжение)

(iii) Валутен ризик

За годината завршена на 31 декември 2024 година:

Во илјади денари	**МКД**	**ЕУР**	**УСД**	**Останати странски валути**	**Вкупно**
Средства					
Финансиски вложувања во друштва во група - подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	14.750	-	-	-	14.750
Финансиски вложувања расположливи за продажба	1.011.595	316.411	-	-	1.328.006
Финансиски вложувања за тргување	64.389	-	-	-	64.389
Депозити, заеми и останати пласмани	398.913	-	-	-	398.913
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	-	171.059	480.261	69	651.389
Одложени и тековни даночни средства	10.700	-	-	-	10.700
Побарувања од непосредни работи на осигурување	236.156	-	-	-	236.155
Побарувања од работи на соосигурување и реосигурување	59.843	27.503	1.076	-	88.422
Останати побарувања	36.122	2.642	-	-	38.764
Парични средства и останати парични еквиваленти	20.926	291	1.165	-	22.382
Активни временски разграничувања	101.364	-	-	-	101.365
Вкупно средства	**1.954.758**	**517.906**	**482.502**	**69**	**2.955.235**
Обврски					
Бруто технички резерви	(1.709.149)	(164.872)	(688)	(40.278)	(1.914.987)
Останати резерви	(28.783)	-	-	-	(28.783)
Одложени и тековни даночни обврски	(4.255)	-	-	-	(4.255)
Обврски од непосредни работи на осигурување	-	-	-	-	-
Обврски од работи на соосигурување и реосигурување	(54.435)	(88.657)	(14.023)	(1.316)	(158.431)
Останати обврски	(52.241)	(1.779)	-	-	(54.020)
Пасивни временски разграничувања	(51.483)	-	-	-	(51.483)
Вкупно обврски	**(1.900.346)**	**(255.308)**	**(14.711)**	**(41.594)**	**(2.211.959)**
Нето вредност	**54.412**	**262.598**	**467.791**	**(41.525)**	**743.276**

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Финансиски ризик (продолжение)

(iv) Ризик на ликвидност

Ризикот на ликвидност претставува ризик дека едно лице ќе се соочи со тешкотии при обезбедувањето на средства за да ги подмири паричните обврски што произлегуваат од финансиските инструменти. Ризикот на ликвидност може да произлезе или од неможноста да се продадат финансиски средства во најкус можен рок по нивната објективна вредност; или неспособност на подмирување на обврските кои произлегуваат од договорите; или пак обврските за осигурување доспеале порано за исплата од очекувањето; или пак неспособност да генерира парични средства според предвидувањата.

Најголемот ризик од ливидност со кој се соочува Друштвото се дневните барања за расположливите парични средства во однос на појавата на штети од договорите за осигурување.

Друштвото управува со ликвидноста преку политиката за ризик на ликвидност која се спроведува со: планирање на тековните и можните одливи на парични средства и соодветни приливи на истите; редовна контрола на ликвидноста и усвојување на соодветни мерки за спречување или отстранување на причините за неликвидност. Како дел од политиката за управување со ликвидноста Друштвото одржува портфолио на високо ликвидни средства.

Друштвото е должно да ја одржува својата ликвидност согласно Законот за супервизија на осигурувањето, врз основ на кој ликвидните средства на осигурителното друштво кое се занимава со животно осигурување и/или пак реосигурување треба во секој момент да бидат барем еднакви на доспеаните обврски и обврските кои наскоро ќе доспеат.

Друштвото исто така има готовина во банки и други високо ликвидни средства во секој момент, за да се заштити од непотребна концентрација на ризикот и за да биде во можност да ги преземе обврските за плаќање како и потенцијалните обврски за плаќање како што достасуваат.

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Финансиски ризик (продолжение)

(iv) Ризик на ликвидност (продолжение)

Анализа според достасаноста на финансиските средства и обврски

Анализата на финансиските средства и обврски на Друштвото во соодветни групи на достасување, според нивниот преостанат период до денот на нивната договорена достасаност е како што следи:

За годината завршена на 31 декември 2025 година е како што следи:

Во илјади денари	**До 1 година**	**1 до 5 години**	**Повеќе од 5 години**	**Вкупно**
Средства				
Финансиски вложувања во друштва во група - подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	13.909	-	-	13.909
Финансиски вложувања расположливи за продажба	71.398	602.971	633.908	1.308.277
Финансиски вложувања за тргување	46.808			46.808
Депозити, заеми и останати пласмани	281.500	75.000	-	356.500
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	674.560	22.172	5.050	701.782
Одложени и тековни даночни средства	308	1.220	7.785	9.313
Побарувања од непосредни работи на осигурување	284.221	-	-	284.221
Побарувања од работи на соосигурување и реосигурување	92.809	-	-	92.809
Останати побарувања	36.637	-	-	36.637
Парични средства и останати парични еквиваленти	30.854	-	-	30.854
Активни временски разграничувања	107.248	-	-	107.248
Вкупно средства	**1.640.252**	**701.363**	**646.743**	**2.988.358**
Обврски				
Бруто технички резерви	(1.362.938)	(567.597)	(81.941)	(2.012.476)
Останати резерви	(19.187)	(3.138)	(8.138)	(30.463)
Одложени и тековни даночни обврски	(8.694)			(8.694)
Обврски од непосредни работи на осигурување	-	-	-	-
Обврски од работи на соосигурување и реосигурување	(172.590)	-	-	(172.590)
Останати обврски	(179.717)	-	-	(179.717)
Пасивни временски разграничувања	(71.688)	-	-	(71.688)
Вкупно обврски	**(1.814.814)**	**(570.735)**	**(90.079)**	**(2.475.628)**
Неусогласеност на средствата и обврските	**(174.562)**	**130.628**	**556.664**	**512.730**

(Сите износи се во илјади денари освен ако не е поинаку наведено)

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик (продолжение)

Финансиски ризик (продолжение)

(iv) Ризик на ликвидност (продолжение)

Анализа според достасаноста на финансиските средства и обврски

Анализата на финансиските средства и обврски на Друштвото во соодветни групи на достасување, според нивниот преостанат период до денот на нивната договорена достасаност е како што следи:

За годината завршена на 31 декември 2024 година е како што следи:

Во илјади денари	До 1 година	1 до 5 години	Повеќе од 5 години	Вкупно
Средства				
Финансиски вложувања во друштва во група - подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	14.750	-	-	14.750
Финансиски вложувања расположливи за продажба	232.151	386.105	709.750	1.328.006
Финансиски вложувања за тргување	64.389			64.389
Депозити, заеми и останати пласмани	295.913	103.000	-	398.913
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	651.389	-	-	651.389
Одложени и тековни даночни средства	(1.281)	290	11.691	10.700
Побарувања од непосредни работи на осигурување	236.156	-	-	236.156
Побарувања од работи на соосигурување и реосигурување	88.422	-	-	88.422
Останати побарувања	38.764	-	-	38.764
Парични средства и останати парични еквиваленти	22.382	-	-	22.382
Активни временски разграничувања	101.364	-	-	101.364
Вкупно средства	**1.744.399**	**489.395**	**721.441**	**2.955.235**
Обврски				
Бруто технички резерви	(1.914.987)	-	-	(1.914.987)
Останати резерви	(18.189)	(2.701)	(7.893)	(28.783)
Одложени и тековни даночни обврски	(4.255)			(4.255)
Обврски од непосредни работи на осигурување	-	-	-	-
Обврски од работи на соосигурување и реосигурување	(158.431)	-	-	(158.431)
Останати обврски	(54.020)	-	-	(54.020)
Пасивни временски разграничувања	(51.483)	-	-	(51.483)
Вкупно обврски	**(2.201.365)**	**(2.701)**	**(7.893)**	**(2.211.959)**
Неусогласеност на средствата и обврските	**(456.966)**	**486.694**	**713.548**	**743.276**

8. Објективна вредност

Табелата ја прикажува класификацијата на секоја класа на финансиски средства и обврски на Друштвото и нивната објективна вредност:

Во илјади денари	***Белешка***	**Кредити и побарувања**	**Чувани до достасаност**	**Чувани за тргување**	**Расположливи за продажба**	**Останата амортизирана вредност**	**Вкупна сметководствена вредност**	**Објективна вредност**
31 декември 2025								
Финансиски вложувања расположливи за продажба	*26А*	-	-	-	1.308.277	-	1.308.277	**1.308.277**
Финансиски вложувања за тргување	*26Б*	-	-	46.808	-	-	46.808	**46.808**
Депозити, заеми и останати пласмани	*26В,26Г*	356.500	-	-	-	-	356.500	**356.500**
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	*27*	701.782	-	-	-	-	701.782	**701.782**
Побарувања по основ на осигурување	*29*	284.221	-	-	-	-	284.221	**284.221**
Побарувања од работи на соосигурување и реосигурување		92.809	-	-	-	-	92.809	**92.809**
Останати побарувања	*30А, 30Б, 30В*	36.637	-	-	-	-	36.637	**36.637**
Парични средства и останати парични еквиваленти	*32Б*	30.854	-	-	-	-	30.854	**30.854**
		1.502.803	**-**	**46.808**	**1.308.277**	**-**	**2.857.888**	**2.857.888**
Обврски од непосредни работи на осигурување	*42*	-	-	-	-		-	**-**
Обврски од работи на соосигурување и реосигурување	*42*	-	-	-	-	172.590	172.590	**172.590**
Останати обврски	*43*	-	-	-	-	179.717	179.717	**179.717**
		-	**-**	**-**	**-**	**352.307**	**352.307**	**352.307**
31 декември 2024								
Финансиски вложувања расположливи за продажба	*26А*	-	-	-	1.328.006	-	1.328.006	**1.328.006**
Финансиски вложувања за тргување	*26Б*	-	-	64.389	-	-	64.389	**64.389**
Депозити, заеми и останати пласмани	*26В ,26Г*	398.913	-	-	-	-	398.913	**398.913**
Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви	*27*	651.389	-	-	-	-	651.389	**651.389**
Побарувања по основ на осигурување	*29*	236.156	-	-	-	-	236.156	**236.156**
Побарувања од работи на соосигурување и реосигурување		88.422	-	-	-	-	88.422	**88.422**
Останати побарувања	*30А, 30Б, 30В*	38.764	-	-	-	-	38.764	**38.764**
Парични средства и останати парични еквиваленти	*32Б*	22.382	-	-	-	-	22.382	**22.382**
		1.436.026	**-**	**64.389**	**1.328.006**	**-**	**2.828.421**	**2.828.421**
Обврски од непосредни работи на осигурување	*42*	-	-	-	-		-	**-**
Обврски од работи на соосигурување и реосигурување	*42*	-	-	-	-	158.431	158.431	**158.431**
Останати обврски	*43*	-	-	-	-	54.020	54.020	**54.020**
		-	-	-	-	**212.451**	**212.451**	**212.451**

9. Оперативни сегменти

Продукти, услуги и главни потрошувачи

Основна дејност на Друштвото е неживотно осигурување, а најзначајни активности на Друштвото се осигурување од незгоди, осигурување на моторни возила, осигурување од пожар, туристичко осигурување, осигурување на домаќинства, како и осигурување на имот. Во овие области на компанијата нуди широк асортиман на производи, за покривање на зголемената побарувачка на пазарот на осигурување во С.Македонија.

Приходот на Друштвото е составен од приходи од премија за осигурување, приходи од инвестиции и приходи од реосигурители.

Друштвото нуди услуги за осигурување на некои од најголемите локални компании во областа на производство и дистрибуција на енергија, производство, транспорт и логистика, како и финансиски услуги.

Географски области

При презентирање на информациите врз основа на географските области, приходот се прикажува врз основа на географската локација на потрошувачите, а средствата се прикажуваат врз основа на географската локација на средствата.

Приход од сегменти

Приходот од сегменти се состои од бруто приход од премија за осигурување, приходи од провизии и надомести и финансиски приход.

Во илјади денари	**Р. С. Македонија**	**Останати земји**	**Вкупно**
2025			
Приходи од бруто премија од осигурување	1.691.222	-	1.691.222
Приходи од вложувања	81.373		81.373
Приходи од провизии од реосигурување	104.310	-	104.310
2024			
Приходи од бруто премија од осигурување	1.618.108	-	1.618.108
Приходи од вложувања	66.426		66.426
